Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и единаесеттата(тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 20 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и единаесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 20 декември 2022 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби,прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Снежана Наџаковска и Ирена Јованова Поповска, државни советници во Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, како и
Претставници од консултантските куќи Bouygues VAMEDCristophe Petit, Stephan Rieberer, Thomas Konermann, Здравко Јанков, Африм Усеини, Елена Петровска и Дамјан Христов.

Од седницата отсуствуваше Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за Идејниот концепт за консолидација на инфраструктурата на јавните здравствени капацитети во Република Северна Македонија.

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за идејниот концепт за консолидација на инфраструктурата на јавните здравствени капацитети во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се формира работна група составена од претставник од Министерството за здравство (координатор), Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, како и Маја Ангеловска, надворешен советник во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Ана Данева Маркова, надворешен советник за здравство во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за подготовка на идеен концепт за консолидација на инфраструктурата на јавните здравствени капацитети во Република Северна Македонија, која ќе подготви и до Владата ќе достави информација со концепт за консолидација на инфраструктурата на јавните здравствени капацитети во Република Северна Македонија, со конкретен финансиски план и предлог-решенија (со долгорочен, 12 месечен и краткорочен план и динамика) за:

- воведување на кјуинг систем во Клиничкиот центар „Мајка Тереза“-Скопје, како и во Градската општа болница „8 Септември“-Скопје и во Клиничкиот центар во Тетово, Клиничкиот центар во Битола и Општата болница во Куманово;

- утврдување на состојбата и намената на изградените но невселени згради на Министерството за здравство, во општините Штип и Кичево;

- преземање на апликацијата „Мој термин“ од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) и нејзино дислоцирање во друга соодветна државна институција, како и да се изнајде системско решение кое ќе ги инкорпорира закажувањето на термини, итните случаи и пациентите кои доаѓаат во болниците.

- решавање на проблемите со паркингот, доставувањето на храна, одржувањето и перењето и тоалетите на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“-Скопје, како и во Градската општа болница „8 Септември“-Скопје и во Клиничкиот центар во Тетово, Клиничкиот центар во Битола и Општата болница во Куманово.

2. Се задолжува Министерството за здравство до наредната редовна седница на Владата да достави податоци за сите вработени доктори во последните седум години

во Клиничкиот центар „Мајка Тереза“-Скопје и соодветен приказ на бројот на пациенти кои истите ги примиле и прегледале во наведениот период.

3. Се задолжува Министерството за финансии да оствари состанок со Министерството за здравство на кој ќе се разгледаат сите аспекти за трансформирање на договорите на определено време на над 2000 вработени во здравството (главно медицински сестри) во договори на неопределено време и за истото да ја извести Владата за можните решенија.

Во врска со презентацијата на претставници од компаниите Вамет и Буиг, Владата ги задолжи Министерството за финансии и Министерството за здравство, во временски период што сметаат дека им е соодветен, да направат анализа на презентациите на компаниите Вамет и Буиг во однос на нивниот предлог за Клиничкиот центар „Мајка Тереза“-Скопје и да подготват и до Владата да достават информација со компаративна функционална и финансиска споредба на овој проект со слични проекти од земјите во регионот, како и еден сличен проект од земјите од Европската Унија, со предлог-решенија.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:20 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Претседател на Владата на Република Северна Македонија |
| --- | --- |
| м-р Методија Димовски | д-р Димитар Ковачевски |